АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 02-1530/1
29.11.2023 год.-viti
Скопје-Shkup

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ

AGD-MAN-002

## СОДРЖИНА

КРАТЕНКИ ... 3
ДЕФИНИЦИИ ... 3
ОБЈАСНУВАЊЕ НА СИМБОЛИТЕ ... 4
ЛИСТА НА ИЗДАНИЈА И РЕВИЗИИ ... 4
ВОВЕД СО ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ... 5
СПИСОК НА ВАЖЕЧКИ СТРАНИЦИ ... 6
ТАБЕЛА НА ОДОБРУВАЊЕ ... 6
СПИСОК НА ДИСТРИБУЦИЈА ... 6
РЕФЕРЕНТЕН ДОКУМЕНТ ... 7
- Опис на Упатство ... 8
- Влезен документ: Барање/Иницијатива ... 8
- Соработка со други одделенија/субјекти ... 8
- Содржина на упатството ... 8
- Завршна проверка на квалитетот ... 12
- Проверка на конечен документ ... 12
- Евиденција ... 12

ПРИЛОГ 1 ... 13

## КРАТЕНКИ

| Кратенка | Значење |
|---|---|
| АЦВ | Агенција за цивилно воздухопловство |
| ОПУЧР | Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси |
| САОР | Сектор за административни и општи работи |

## ДЕФИНИЦИИ

| | Дефиниција |
|---|---|
| Заштитено пријавување | е пријавување, односно, откривање со кое согласно Законот за заштита на укажувачи се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. |
| Јавен интерес | претставува заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата. |
| Укажувач | е лице од институцијата кое со добра намера врши заштитено пријавување.<br>Укажувач може да биде секое лице кое:<br>➢ има засновано работен однос на неопределено или определено време во Агенцијата;<br>➢ е кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во Агенцијата;<br>➢ е или било волонтер или практикант во Агенцијата;<br>➢ по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа во Агенцијата;<br>➢ по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со Агенцијата;<br>➢ користи или користело услуги на Агенцијата.<br>На укажувачот му се обезбедува заштита согласно со закон и му се гарантира анонимност и доверливост до степен и до момент до кои тој тоа го бара. |

## ОБЈАСНУВАЊЕ НА СИМБОЛИТЕ

Подолу е наведено објаснување на симболите на дијаграмот на текот на процесот кои се користени во овој прирачник.



Почеток/крај на упатството/процедурата



Активност



Контролна ставка, контролна активност



Документ, информација



Точка на спојување

## ЛИСТА НА ИЗДАНИЈА И РЕВИЗИИ

| Рев.бр. | Датум | Внесена од | Опис на ревизијата |
|---|---|---|---|
| 00 | 29.11.2023 | Јане Ангеловски | Прво издание |
| | | | |
| | | | |

## ВОВЕД СО ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Упатството е издадено од страна на:

Агенција за цивилно воздухопловство
Даме Груев 1, 1000 Скопје, Северна Македонија

Се забранува копирање или умножување на овој материјал без претходна писмена согласност на издавачот. Ова издание на ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето. Секоја понатамошна ревизија на ова упатство влегува во сила со денот наведен во Табелата на одобрување.

За издавачот:
Томислав Тунтев, директор на АЦВ

## СПИСОК НА ВАЖЕЧКИ СТРАНИЦИ

| Страна | Издание | Рев. | Датум |
|---|---|---|---|
| 2 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| 3 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| 4 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| 5 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| 6 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| 7 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| 8 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| 9 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| 10 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| 11 | 01 | 00 | 29.11.2023 |

| Страна | Издание | Рев. | Датум |
|---|---|---|---|
| 12 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| 13 | 01 | 00 | 29.11.2023 |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

## ТАБЕЛА НА ОДОБРУВАЊЕ

| | Име и позиција | Датум | Потпис |
|---|---|---|---|
| Подготвил: | Јане Ангеловски,<br>Раководител на ОПУЧР | 29.11.2023 | |
| Контролирал: | Александра Манолева<br>Раководител на САОР | 29.11.2023 | |
| Извршил проверка на квалитетот: | Кире Колевски,<br>Инспектор за контрола на квалитетот и безбедноста | 29.11.2023 | |
| Одобрил: | Томислав Тунтев,<br>Директор | 29.11.2023 | |

## СПИСОК НА ДИСТРИБУЦИЈА

| Примерок бр. | КОРИСНИК | ВИД НА ФОРМА | БРОЈ НА ПРИМЕРОЦИ |
|---|---|---|---|
| 1. | САОР | Оригинал-примерок во хартиена форма | 1 |
| 2. | Инспектор за контрола на квалитет и безбедноста | Оригинал-примерок во хартиена форма | 1 |
| 3. | Архива | Оригинал-примерок во хартиена форма | 1 |
| 4. | Google Drive на АЦВ | Дигитален примерок | 1 |
| 5. | По електронска пошта до сите вработени | Дигитален примерок | 1 |

## РЕФЕРЕНТЕН ДОКУМЕНТ

| | Код на документот | Назив на документот |
|---|---|---|
| 1. | DGO/QSM-MAN-001 | Integrated Quality System Manuel |
| 2. | Службен весник на РСМ (во сила) | Закон за воздухопловство |
| 3. | Службен весник на РСМ (во сила) | Закон за заштита на укажувачи |
| 4. | Службен весник на РСМ (во сила) | Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор |

**Опис на Упатство**

Со ова Упатство се пропишува начинот и постапката за издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите и пријави од укажувачите во Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст:Агенција).

**Влезен документ: Барање/Иницијатива**

- Пријава

**Соработка со други одделенија/субјекти**

При постапување по ова Упатство се соработува со сите организациони единици во АЦВ.

**Содржина на упатството**

**I.Постапување**

**Член 1**

Во Агенцијата, заштитеното внатрешно пријавување од страна на укажувач се врши до назначеното овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување. Податоците на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата се објавуваат на нејзината веб страна.

Овластеното лице, согласно прописите за заштита на личните податоци и прописите за заштита на класифицирани информации, обезбедува и применува соодветни технички и организациски мерки за заштита на податоците од случајно или незаконско нивно уништување, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка.

**Член 2**

Овластеното лице врши прием и заведување на пријавата, проценка на содржината од пријавата, известување до директорот, проследување на пријавата до службеното лице во Агенцијата, односно надлежна институција, изготвување на известување на подносителот на пријавата и архивирање. Овластеното лице врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно пријавување согласно закон, поединечно или групно, во писмена

форма доставени лично или преку посебно поштенско или електронско сандаче или усно на записник и истата пријава ја заведува. За непречена работа на овластеното лице, потребно е да се обезбеди простор соодветен за прием на странки (сала за состаноци) и посебна телефонска линија. Доколку пријавата е добиена усно, се составува записник кој се заведува како примена пријава, во кој се содржани следните податоци:

- податоци за укажувачот,
- податоци за лицето односно субјектот против кој укажувачот пријавува,
- опис на казниво или друго неказнито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес,
- предложени од укажувачот начин и форма на комуникација помеѓу раководното лице и укажувачот,
- прилози,
- датум и место на прием на пријавата,
- личен потпис на укажувачот и лицето кое извршува прием на пријави.

**Член 3**

Доколку пријавата е доставена во електронска форма, овластеното лице го печати записот кој одговара на пријава според содржината и отпечатеното со прилози го доставува за заведување како примена пријава.
Доколку печатењето на прилозите е неекономично, овластеното лице истите ги зачувува во електронска форма на посебен компјутер обезбеден со лозинка позната само нему. Доколку пријавата се проследува до друга надлежна институција или кога е потребно пренесување на приложените електронски записи заради постапување по пријавата, електронските записи се преснимуваат на носач на електронски запис кој го приложува кон пријавата.
Истиот ден по приемот, овластеното лице ја заведува пријавата со сите прилози, ја разгледува, ја проучува нејзината содржина и постапува согласно закон.
Доколку утврди дека примениот документ односно запис не претставува односно не се однесува на пријава од укажувач, за истото веднаш во предметот става забелешка која ја евидентира во деловодникот на Агенцијата, задржува копие од предметот, а предметот со приложените документи во оригинал го доставува со пропратно писмо до писарницата на надлежната институција. За преземените дејствија овластеното лице без одлагање го известува укажувачот доколку истиот е познат.

Овластеното лице без одлагање врши проценка на содржината на пријавата за да утврдат дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач и дали содржи доволно елементи за да биде проследена за понатамошно постапување.
Во вршењето на процената, овластеното лице може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку истиот е познат и да се консултира со други лица, а притоа внимава на заштитата на идентитетот на самиот укажувач. По извршената проценка се носат заклучоци за понатамошно постапување по пријавата.
За наводите од содржината на пријавата и заклучоците, овластеното лице го известува директорот на Агенцијата со писмено известување, истото потпишано и заверено од овластеното лице.
По исклучок, доколку овластеното лице во вршење на проценката констатира дека наводите од содржината на пријавата непосредно или посредно се насочени против раководното лице на институцијата, пријавата ја проследува до надлежната институција согласно закон во рок од 8 (осум) дена за што го известува укажувачот доколку е познат.

Доколку се процени дека пријавата е логична, разумна и содржи доволно елементи за понатамошно постапување, истата се проследува до службеното/вработеното лице во институцијата надлежно за постапување во областа на која се однесува пријавата, откако претходно од пријавата ќе ги издвои личните податоци и податоците кои може да го разоткријат идентитетот на укажувачот, доколку укажувачот барал да остане доверлив. Овластеното лице на барање на укажувачот го известува за текот и дејствијата кои се преземени во постапувањето по пријавата и му овозможува на укажувачот да изврши увид во списите на предметот оформен врз основа на неговата пријава согласно закон.

**Член 4**

Доколку овозможувањето на увидот односно пристапот до информациите во врска со постапувањето по пријава може да има штетни последици за текот на постапката, овластеното лице ги одделува тие информации и за тоа го известува укажувачот и му овозможува увид во останатиот дел во содржината на известувањето, односно во останатиот дел од списите на предметот.
За исходот од постапката по предметот оформен по пријавата овластеното лице го известува укажувачот доколку истиот е познат.Доколку е пријавено кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право, од областа на организираниот криминал и за кое со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години, чиешто докажување е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на укажувачот кој поради можната опасност може да биде изложен на заплашување, закана со одмазда или опасност по животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем, не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице со прибавена писмена согласност од укажувачот без одлагање доставува:

- до Министерството за внатрешни работи или надлежен јавен обвинител иницијатива за доставување писмено барање за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци или
- до Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, иницијатива за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно Законот за заштита на сведоци.

За проследувањето на пријавата од претходната точка од ова упатство и за доставувањето на писменото барање, овластеното лице истовремено го известува укажувачот доколку е познат.

**II. Заштита на укажувачи**

**Член 5**

На укажувачот и на нему блиско лице им се обезбедува заштита од било каков вид на повреда на право или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршеното заштитено внатрешно пријавување согласно закон и му се гарантира анонимност и доверливост до степен и до момент до кои тој тоа го бара. Заштитата се обезбедува од страна на Агенцијата со преземање дејствија да се спречи повреда на правата од работен однос или на кое било право и воздржување од дејствија со кои се повредува или загрозува било кое право на укажувачот заради извршеното пријавување.

Доколку не е обезбедена заштитата, укажувачот за ова пријавува во Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на Република Северна Македонија, Инспекцискиот совет, Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, кои по пријавата без одлагање постапуваат согласно со своите надлежности.

**III. Завршни одредби**

**Член 6**

Овластеното лице подготвува Полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи кој содржи општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави и го доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата. Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде јавно достапно преку објава на веб - страната на Агенцијата.

**Завршна проверка на квалитетот**

За завршна проверка на квалитетот на ова упатство одговорен е инспекторот за контрола на квалитетот и безбедноста

**Проверка на конечен документ**

Конечни документи кои произлегуваат од ова упатство се известување, заклучок и Полугодишен извештај, а за нивната проверка е одговорно овластеното лице.

**Евиденција**

Целокупната документација која произлегла од спроведувањето на постапката се чува кај овлатеното лице, а секоја пријава се евидентира во Полугодишниот извештај.

**ПРИЛОГ 1**

- **Дијаграм за текот на упатството/процедурата**

